**Иницијатива**

**До:**
**Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

Скопје, 4 јуни 2021 година

**Предмет: Жалба по објавената Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за Предлог Детален урбанистички План за Градска Четврт Ј04, Општина Карпош, Скопје, на 20.05.2021**

Почитувани,

Ја обжалуваме Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена за Предлог Детален урбанистички План за Градска Четврт Ј04, Општина Карпош, Скопје, објавена на веб страната на општината на 20.05.2021.

Линк до Одлуката: https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Odluka-od-Ministerstvo-za-zivotna-sredina.pdf
Линк до пополнетиот формулар за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена: https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/SEA-formular-za-zivotna-sredina-J-04.pdf

Аргументите се следни:

1. Одлуката се повикува на член 65 став (4) од Законот за животна средина, кој се однесува на Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

   Во формуларот за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, изработувачот на планскиот документ, ДПУП Билд ДООЕЛ, Скопје, на прашање „Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина?“, одговора со „не“.

   Член 65 став (2) од Законот за животна средина вели „**Стратегиска оцена се спроведува** на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и

урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето и со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина или **на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени согласно со закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја.**

Деталниот урбанистички План за Градска Четврт Ј04 се граничи со заштитено подрачје парк-шума Водно. Ова заштитено подрачје е во фаза на репрогласување од страна на МЖСПП, согласно Законот за заштита на природата. Планираните градби дефинитивно МОЖЕ и ЌЕ влијаат врз ова заштитено подрачје.

Согласно, одговорот на прашањето треба да биде „да“ и **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** да се спроведе стратегиска оцена.

2. На следно прашање во формуларот „Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето“, одговорот повторно е „не“.

   Во член 3 на Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, стои дека „ **Стратегиска оцена се спроведува на плански документи** доколку со нив се предвидува спроведување на проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина или **кои влијаат врз заштитените подрачја прогласени согласно закон од следните области**:
   13. Планирање на просторот и користење на земјиштето **плански документи кои се однесуваат на** просторно и **урбанистичко планирање на територијата на** Р Македонија, општините, градот Скопје и **општините во градот Скопје**.“

   Деталниот урбанистички План за Градска Четврт Ј04, општина Карпош, ВЛИЈАЕ врз заштитеното подрачје парк-шума Водно, со кое граничи. Согласно, одговорот на прашањето треба да биде „да“ и **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** да се спроведе стратегиска оцена.

3. На следното прашање „Дали планскиот опфат опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина“, одговорот е повторно „не“.

   Член 65 став (3) гласи „ По исклучок за плански документи од ставот (2) на овој член, со кои се одредува користење на мали области од локално значење и со кои се предвидуваат мали измени на планските документи од ставот (2) на овој член, стратегиска оцена ќе се врши само кога органот кој го подготвува планскиот документ ќе утврди дека има значајни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето согласно со прописот од став (4) на овој член.“

   Областа на планскиот документ за Градска Четврт Ј04 Е од локално значење поради Институтот за белодробни заболувања кај децата – Козле и поради граничењето со заштитеното подрачје парк-шума Водно.

   Член 65 став (4) од Законот за животна средина се однесува на Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

   Во член 3 став (1) точка 1 на оваа уредба наведени се критериумите

   „ - важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој;

   - проблеми во животната средина релевантни за планскиот документ;“

   Во член 3 став (1) точка 2 наведени се критериумите

   „ - ризиците по здравјето на луѓето или животната средина (пр. поради незгоди/несреќи);

   - опсегот и просторниот обем на влијанијата (географска област и големина на населението кои најверојатно би биле засегнати);“

   Овој плански документ задоволува повеќе критериуми врз основа на кои се определува дали определен плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.

- Важност на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина е поради граничење со парк-шума Водна и Институтот за белодробни заболувања кај децата – Козле.

- Проблеми во животната средина релевантни за планскиот документ се проблемите од ерозивност на подрачјето кое е на падините на Водно и водотеци. Проблеми се изградба на голем број станбени единици за домување, прашина при градење, дополнителен сообраќај, бучава, уништување на значително зеленило и квалитетни повеќедецениски дрва и др. во близина на Институтот за белодробни заболувања кај децата – Козле, кое ќе влијае и може да има значителни последици врз здравјето на најмладата категорија која е и најранлива, во текот на нивното лечење во овој институт.

- Ризиците по здравјето на луѓето или животната средина (пр. поради незгоди/несреќи) се како последица од формирање на свлечишта поради градење на ерозивно подрачје и последица од порои.

- Опсегот и просторниот обем на влијанијата (географска област и големина на населението кои најверојатно би биле засегнати) е голем. Не само што планираното население ќе биде засегнато, кое е планирано на 3,904 жители, туку и пошироко.

Согласно, одговорот на прашањето треба да биде „да“ и <u>**ЗАДОЛЖИТЕЛНО** да се спроведе стратегиска оцена</u>.

4. Дополнително, во член 2 на Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето стои „Одредбите на оваа уредба НЕ се однесуваат на планските документи кои се определени со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.“

   Погоре е наведено како планскиот документ Деталниот урбанистички План за Градска Четврт Ј04 е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и

програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.

Следствено, стратегиска оцена **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** се спроведува.

5. Согласно Закон за водите општина Карпош е ДОЛЖНА на територија под своја надлежност да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација.

   Мерки за заштита на ерозивно подрачје се:
   1) пошумување, затревување и терасирање (со контурни ровови, подѕидување и слично);
   2) забрана за вадење на земја, песок, чакал и камен;
   3) забрана на кастрење, сечење и копачење на дрва и грмушки.

   Границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија и мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите треба да се дел од стратегиската оцена.

   Општината НЕ СМЕЕ да го донесе Деталниот урбанистички План за Градска Четврт Ј04, пред да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите.

6. Согласно Закон за водите општина Карпош е должна да донесе оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на предлог на градоначалникот.

   Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја треба да се дел од стратегиската оцена.

   Општината НЕ СМЕЕ да го донесе Деталниот урбанистички План за Градска Четврт Ј04, пред да го донесе оперативниот план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја.




7. Живееме во климатски промени, каде недостатокот на питка вода за пиење станува проблем. ЈП Водовод и Канализација изјавија дека поради сушните зими (со кои се смалува протокот на изворите во Рашче) во последните две-три години ги користат резервните извори од бунарското подрачје Лепенец-Нерези во ЦЕЛОСТ, што не било случај претходно.

   Потребно е да се направи анализа за влијание на планираните градби и бројот на жители во планскиот опфат Ј 04, нивното користење на питка вода и ефектот врз снабдувањето со вода на сегашните жители на Скопје/Карпош.

   Оваа анализа треба да е составен дел од стратегиската оцена.

8. Во ЛЕАП-от за општина Карпош 2016-2021 стои „Со цел навремено да се идентификуваат можните негативни влијанија од урбаниот развој врз елементите на животната средина како и при подготовка на краткорочни,

среднорочни и долгорочни плански документи на локално ниво за развој на Општината во сите аспекти (урбан развој, индустрија, развој на мали и средни претпријатија, туризам, земјоделие, транспорт и др.) потребно е спроведување на постапка за СОЖС.“ и

„ Во СОЖС извештајот треба да се идентификуваат можните влијанија на проектот врз медиумите – вода, воздух, почва и земјиште, создавањето на отпад и негово отстранување, притисокот врз природата и биодиверзитетот, бучава емитирана во животната средината како и здравјето на луѓето. Познавајќи ги локалните услови со состојбата со животната средина (изложени во ЛЕАП документот) локалните власти и јавноста од Општината ќе можат рамноправно да се вклучат во донесување на одлуки при издавање мислење за градба на некој проект и ревизија на предложениот план за ублажување на негативните влијанија врз животната средина.“ и

„Главните препораки за одржување на добар квалитет на почвата и избегнување на појава на ерозија и деградација на земјиштето се: ...
• Зајакнување на капацитетите на одговорните во Општината за започнување и водење на постапката за СОЖС при подготовка на урбанистичките планови;“

9. Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена е донесена од претходниот градоначалник Стевчо Јакимовски на 19.03.2015.Одлуката е објавена на веб страната на општината на 20.05.2021.
Законот за животна средина, член 65 став (10) вели „Органот што го подготвува планскиот документ во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (6) на овој член, заедно со формуларите од ставот (20) на овој член е должен да ги објави на својата веб страница на начин пропишан со актот донесен согласно со членот 61 став (8) од овој закон.“ Став (6) од овој член гласи „Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе одлука за спроведување или одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите утврдени во прописот од ставот (4) на овој член.“

Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена не е објавена на веб страната на општина Карпош согласно законскиот рок од 5 дена од денот на нејзиното донесување. Одлуката е објавена после повеќе од 6 години на веб страната на општината.

Со ова е прекршен законот и оваа Одлука НЕ СМЕЕ да се уважи.

Иницијатива

10. Донесената Одлука за неспроведување на стратегиска оцена од 19.03.2015 не е согласно законските одредби. Во неа е наведено дека против одлуката може да се поднесе жалба до градоначалникот на општина Карпош во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

    Во времето кога Одлуката е донесена, согласно Законот за животна средина на сила тогаш, требало да стои дека жалба може да се поднесе до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, а не до градоначалникот како што стои во Одлуката.

    Законот за животна средина на сила сега, во член 65 став (11) вели „Против одлуката од ставот (6) на овој член, јавноста има право на жалба во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата на органот кој го подготвува планскиот документ до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен."

    Ниту во време на нејзино донесување, ниту сега, во време на нејзино објавување, оваа Одлука не е во согласност со Законот за животна средина. Жалбите не се насочени кон законски назначениот орган.

    Со ова е прекршен законот и оваа Одлука НЕ СМЕЕ да се уважи.

Ова се само дел од аргументите зошто оваа Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за Предлог Детален урбанистички План за Градска Четврт Ј04, Општина Карпош, Скопје не смее да се уважи.

Со почит,

О2 Иницијатива